Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина ( “Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05 , 81/05 , 24/07 , 159/08 , 83/09 , 48/10 , 124/10 , 51/11 , 123/12 , 93/13 , 187/13 , 42/14 , 44/15 , 129/15 , 192/15 , 39/16 и 99/18), **Градоначалникот на општина Гази Баба,** на ден 01.03.2021 година, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11730/1, КО Старо Скопје- општина Гази Баба,** кој го донесува општина Гази Баба потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11730/1, КО Старо Скопје- општина Гази Баба,** се определуваат: Локална Самоуправа на општина Гази Баба, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Агенција за државни патишта, ЕВН, Македонски телекомуникации, Комуналните претпријатија, Невладини организации, Еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.
3. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11730/1, КО Старо Скопје- општина Гази Баба,** за чија изработка е одговорно Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје, а го донесува општина Гази Баба, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11730/1, КО Старо Скопје- општина Гази Баба** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз**

**социо-економската состојба, влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземно води, влијание врз почвата, влијанија поврзани со управување на отпад, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Гази Баба** на следната адреса **www.gazibaba.gov.mk .**
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Бр. 08-246/5 од 01.03.2021 година**
**Скопје**

**Општина Гази Баба**
**Градоначалник**

**Борис Георгиевски**